Централна кооперативна банка АД Скопје

Врз основа на член 86, став 1, точка 8 од Законот за банките и член 59, став 1, точка 7 од Статутот на Централна кооперативна банка, Собранието на акционерите на Банката, на својата седница на Вонредното собрание, одржана на 19.11.2024 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за именување член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје**

**Член 1**

За член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје се именува лицето Јордан Борисов Христов.

**Член 2**

Лицето од член 1 на оваа одлука се именува со мандат во траење од 4 (четири) години, сметано од денот на добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ.

**Член 3**

За лицето од член 1 на оваа одлука се определува надомест за учество во работата на Надзорниот одбор, во износ од денарска противвредност на 1500 евра по среден курс на НБРСМ на денот на исплатата.

**Член 4**

Се задолжуваат стручните служби на Банката да ја спроведат постапката за добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ за именување член на Надзорниот одбор.

**Член 5**

По добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ, да се спроведе постапка за упис на именуваното лице во Централниот регистар на РСМ.

**Член 6**

Одлуката ќе стапи во сила по добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ.

***Образложение***

Со оглед на престанокот на мандатот на еден од членовите на Надзорниот одбор на Банката, поради поднесена оставка, а имајќи ја во предвид обврската на Банката за одржување на бројот на членови на Надзорниот одбор утврдени во Статутот, Собранието на акционерите на ЦКБ АД Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**СА бр. 0201 – 17**
**19.11.2024 година**
**СКОПЈЕ**

**Претседавач**
**г-дин Смилен Цинцарски**

Централна кооперативна банка АД * Скопје *